# Статистичко истражување за индустријата (месечно)

## ДС_ИНД.1_М_МК_2024_12

## Референтни метаподатоци според SIMS 2.0 структура

| | |
|---|---|
| **S.1** | **Контакт** |
| | |
| **S.1.1** | **Организација/ институција за контакт** |
| Државен завод за статистика | |
| **S.1.2** | **Организациска единица за контакт** |
| Одделение за индустрија, градежништво и деловни тенденции | |
| **S.1.3** | **Лице за контакт** |
| Горан Стојковиќ | |
| **S.1.4** | **Звање на лицето за контакт** |
| Виш соработник | |
| **S.1.5** | **Поштенска адреса** |
| ул. „Даме Груев“ бр. 4, 1000 Скопје, Република Северна Македонија | |
| **S.1.6** | **Електронска адреса** |
| goran.stojkovic@stat.gov.mk | |
| **S.1.7** | **Телефонски број** |
| 00 389 2 3295 756 | |
| **S.1.8** | **Факс** |
| | |
| **S.2** | **Ажурирање метаподатоци** |
| | |
| **S.2.1** | **Последна потврда на метаподатоците** |
| 12/06/2025 | |
| **S.2.2** | **Последна објава на метаподатоците** |
| 12/06/2025 | |
| **S.2.3** | **Последно ажурирање на метаподатоците** |
| 12/06/2025 | |

| S.3 | Статистичка презентација |
|---|---|

| S.3.1 | Опис на податоците |
|---|---|

- Индекси на индустриското производство (вкупно, главни индустриски групи, сектори, оддели)
- Индекси на работници во индустријата (вкупно, главни индустриски групи, сектори, оддели).

| S.3.2 | Систем на класификации |
|---|---|

- Национална класификација на дејностите, НКД Рев.2
- Национална номенклатура на индустриски производи, ННИП
- Главни индустриски групи, ГИГ.

| S.3.3 | Опфат на сектор/и |
|---|---|

Опфат на секторите:

-B/Б - Рударство и вадење на камен,
-C/В - Преработувачка индустрија,
-D/Г - Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација (освен групата 35.3 - Снабдување со пареа и топла вода.)

| S.3.4 | Статистички концепти и дефиниции |
|---|---|

**Готов производ** - Под поимот готов производ се подразбира секој производ кој во процесот на производството достигнал соодветен степен на изработка, а во Номенклатурата на индустриски производи е наведен под посебен назив, со шифра и единица мерка.

**Продадено производство** - Производство кое е продадено (фактурирано) во извештајниот период без разлика на временскиот период кога е остварено производството.

**Вкупно остварено производство** - Вкупно оствареното производство во извештајниот период, без разлика дали е продадено, дали е на залиха или се користи за понатамошна преработка.

| S.3.5 | Статистичка единица |
|---|---|

Статистички единици се деловните субјекти распределени во областа на индустријата и рударството, во секторите B/Б - Вадење на руди и камен, C/В - Преработувачка индустрија и D/Г - Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација од Националната класификација на дејности - НКД Рев.2, освен групата 35.3 - Снабдување со пареа и топла вода. Статистички единици се и единиците на деловните субјекти кои произведуваат индустриски производи, а нивното матично претпријатие не припаѓа на индустриските сектори туку во шумарството, градежништвото и слично. Деловните субјекти кои индустриската дејност ја вршат на територијата на две или повеќе општини се делат на толку статистички единици колку што има општини на чија територија ја вршат дејноста.

| S.3.6 | Статистичка популација |
|---|---|

Статистичка популација се сите деловни субјекти кои припаѓаат на некој од секторите:

- В/Б - Вадење на руди и камен,
- C/В - Преработувачка индустрија и
- D/Г - Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација, освен групата 35.3 - Снабдување со пареа и топла вода.

| S.3.7 | Референтна област |
|---|---|

Република Северна Македонија

| S.3.8 | Временска покриеност |
|---|---|

Во периодот 1952-2000 (претходна година = 100) според Единствената класификација на дејностите (ЕКД).

Од јануари 2000 година (2021 = 100) според НКД Рев.2.

| S.3.9 | Базен период |
|---|---|

2021=100

| S.4 | Единица на мерење |
|---|---|

Индекси

| S.5 | Референтен период |
|---|---|

Месец

| S.6 | Институционален мандат |
|---|---|

| S.6.1 | Законски акти и други договори |
|---|---|

НАЦИОНАЛНА ЗАКОНСКА РЕГУЛАТИВА

Закон за државната статистика („Службен весник на Република Македонија" бр. 54/97, 21/07, 51/11, 104/13, 42/14, 192/15, 27/16, 83/18 и 220/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.31/20) ( https://www.stat.mk/mk/za-nas/zakonski-akti/zakon-za-drzhavna-statistika/ ) Програма за статистички истражувања за периодот 2023-2027 година („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.29/23 и 57/25). ( https://www.stat.mk/mk/za-nas/zakonski-akti/%D0%BF%D1%80%D0%BE%D0%B3%D1%80%D0%B0%D0%BC%D0%B0-%D0%B7%D0%B0-%D1%81%D1%82%D0%B0%D1%82%D0%B8%D1%81%D1%82%D0%B8%D1%87%D0%BA%D0%B8-%D0%B8%D1%81%D1%82%D1%80%D0%B0%D0%B6%D1%83%D0%B2%D0%B0%D1%9A%D0%B0/ )

ЕВРОПСКА РЕГУЛАТИВА

Регулатива на Комисијата за имплементирање (ЕУ) 2020/1197 од 30 јули 2020 за утврдување на техничките спецификации и аранжмани во согласност со Регулативата (ЕУ) 2019/2152 на Европскиот Парламент и на Советот за европските деловни статистики.

| | |
|---|---|
| **S.6.2** | **Споделување на податоци** |

-Индекси се испраќаат (преку EDAMIS) до ЕУРОСТАТ,
-Индекси се испраќаат (преку SDDS) до Меѓународниот монетарен фонд.

| | |
|---|---|
| **S.7** | **Доверливост** |
| **S.7.1** | **Доверливост - политика** |

1. Заштитата на индивидуалните податоци е регулирана со Законот за државна статистика ( https://www.stat.mk/mk/za-nas/zakonski-akti/zakon-za-drzhavna-statistika/ ).

2.Основните принципи и активности, што се преземаат за да се обезбеди доверливоста на податоците се опишани во Политиката за статистичка доверливост ( https://www.stat.mk/mk/za-nas/politiki-i-strategii/politika-za-statistichka-doverlivost/ ).

| | |
|---|---|
| **S.7.2** | **Доверливост - третирање на податоците** |

Во согласност со член 38 од Законот за државна статистика ( https://www.stat.mk/mk/za-nas/zakonski-akti/zakon-za-drzhavna-statistika ) и Политиката за доверливост ( https://www.stat.mk/mk/za-nas/politiki-i-strategii/politika-za-statistichka-doverlivost/ ), индивидуалните податоци не се објавуваат.

| | |
|---|---|
| **S.8** | **Политика за објавување** |
| **S.8.1** | **Календар на објавување** |

Датумот на објавување на податоците се утврдува во Календарот за објавување на Соопштенија, кој се ажурира квартално.

| | |
|---|---|
| **S.8.2** | **Пристап до Календарот на објавување** |

https://www.stat.mk/mk/%D0%BA%D0%B0%D0%BB%D0%B5%D0%BD%D0%B4%D0%B0%D1%80-%D0%BD%D0%B0-%D0%BE%D0%B1%D1%98%D0%B0%D0%B2%D1%83%D0%B2%D0%B0%D1%9A%D0%B0/#

| | |
|---|---|
| **S.8.3** | **Кориснички пристап** |

Сите корисници имаат истовремено ( или еднаков) пристап до статистичките податоци: ова значи дека датумите за објавување на статистичките податоци се претходно јавно објавени и никој корисник нема пристап до официјалните статистички податоци пред нивното објавување. Статистичките податоци прво се објавуваат во едицијата „Соопштенија “ на ВЕБ страницата на Државниот завод за статистика во 12.00 часот.

| | |
|---|---|
| **S.9** | **Фреквенција на дисеминација** |

Месечна.

| | |
|---|---|
| **S.10** | **Достапност и јасност** |
| **S.10.1** | **Соопштенија** |

Соопштенијата се објавуваат (и истите се достапни на ВЕБ страницата на ДЗС во поглавјето: „Соопштенија“ ( https://www.stat.mk/mk/%D1%81%D0%B8%D1%82%D0%B5-

%D1%81%D0%BE%D0%BE%D0%BF%D1%88%D1%82%D0%B5%D0%BD%D0%B8%D1%98%D0%B0 ).

Посетеност на соопштенијата е 1176 прегледи.

| S.10.2 | Публикации |
|---|---|

Статистички годишник (линк: https://www.stat.gov.mk/PrikaziPublikacija_1.aspx?rbr=915 )

| S.10.3 | Онлајн база на податоци |
|---|---|

https://makstat.stat.gov.mk/PXWeb/pxweb/mk/MakStat/MakStat__Industrija__Bazna2021/125_Ind_MK_indProizvBaza2021_ml.px/

https://makstat.stat.gov.mk/PXWeb/pxweb/mk/MakStat/MakStat__Industrija__Bazna2021/325_Ind_mk_preth100_21_ml.px/

https://makstat.stat.gov.mk/PXWeb/pxweb/mk/MakStat/MakStat__Industrija__Bazna2021/425_Ind_mk_Rab_Baza2021_ml.px/

| S.10.3.1 | AC1. Број на прегледи на табелите со податоци |
|---|---|

Бројот на прегледи е 700.

| S.10.4 | Пристап до микроподатоци |
|---|---|

Користењето на микроподатоци за надворешни корисници е можно само за истражувачки цели и се врши во согласност со Законот за државна статистика (член 41, член 42 и член 43). Пристапот до анонимизирани микроподатоци е дефиниран со интерна процедура на Државниот завод за статистика „Пристап до анонимизирани микроподатоци за научно-истражувачки цели“. ( https://www.stat.gov.mk/ZaNas.aspx?id=22 ).

| S.10.5 | Друго |
|---|---|

По барање на корисниците, податоците се подготвуваат и во форма согласно нивните потреби.

Податоците се доставуваат редовно преку ЕДАМИС до ЕУРОСТАТ.

| S.10.5.1 | AC 2. Број на прегледи на метаподатоците |
|---|---|

Не се пресметува.

| | |
|---|---|
| **S.10.6** | **Документација за методологијата** |
| Методолошките објаснувања се објавени на веб-страницата на ДЗС.<br><br>http://www.stat.gov.mk/MetodoloskiObjasSoop.aspx?id=1&rbrObl=19 | |
| **S.10.6.1** | **AC 3. Стапка на комплетност на метаподатоците** |
| Не се пресметува. | |
| **S.10.7** | **Документација за квалитетот** |
| | |
| **S.11** | **Управување со квалитет** |
| | |
| **S.11.1** | **Обезбедување на квалитетот** |
| Квалитетот на процесите и продуктите, во Државниот завод за статистика се обезбедува со почитување на Европскиот Кодекс за работа на европската статистика ( https://www.stat.mk/mk/za-nas/kvalitet/kodeks-za-rabota-na-evropskata-statistika/ ) и Рамката за оценка на квалитетот во рамките на Европскиот статистички систем ( ESS Quality Assusrance Framework-- https://ec.europa.eu/eurostat/documents/64157/4392716/ESS-QAF-V2.0-final.pdf ). Критериумите за квалитет се утврдени и во Законот за државна статистика во член 4б и член 4в ( https://www.stat.mk/mk/za-nas/zakonski-akti/zakon-za-drzhavna-statistika/ ). | |
| **S.11.2** | **Оценка на квалитетот** |
| Државниот завод за статистика ги реализира статистичките активности во согласност со Статистичкиот бизнис процес модел, кој се базира на меѓународниот модел - Генерички статистички бизнос процес модел (Generic Statistical Business Process Model-GSBPM). Примената на овој модел, како и примената на меѓународните стандарди во статистичката продукција обезбедуваат високо ниво на точност и споредливост на податоците. | |
| **S.12** | **Релевантност** |
| | |
| **S.12.1** | **Потреби на корисниците** |
| Индексите за индустриското производство и индексите за вработените во индустријата се користат од страна на различни владини институции, со цел следење на економските состојби во земјата. Индексите, како краткорочен индикатор, претставуваат појдовна основа за различни економски анализи, креирање на стратешки планови за преземање на идни активности и донесување на одлуки за реализирање на економските политики. Индексите за индустриското производство и индексите за вработените во индустријата се користат и од релевантни меѓународни институции како што се ЕУРОСТАТ и ММФ. | |
| **S.12.2** | **Задоволство на корисниците** |
| Почнувајќи од 2009 година, Државниот завод за статистика на секои три години спроведува Анкета за задоволство на корисниците. | |
| **S.12.3** | **Комплетност и R1. Стапка на комплетност на податоците за корисници** |
| Не се пресметува. | |

| | |
|---|---|
| **S.12.3.1** | **R1. Стапка на комплетност на податоците за производители** |
| Не се пресметува. | |
| **S.13** | **Точност и веродостојност** |
| | |
| **S.13.1** | **Севкупна точност** |
| Методологијата на истражувањето и начинот на прибирање на податоците обезбедуваат солиден опфат и точност на податоците. | |
| **S.13.2** | **Примерочни грешки и A1. Индикатори за примерочни грешки за корисници** |
| Не е применливо. | |
| **S.13.2.1** | **A1. Индикатори за примерочни грешки за производители** |
| Не е применливо. | |
| **S.13.3** | **Непримерочни грешки и A4. Стапка на неодговор на единица за корисници и A5. Стапка на неодговор на белег за корисници** |
| Грешки во опфатот: Се обезбедува 100% опфат. Давателите на податоци навреме се потсетуваат за исполнување на својата обврска.<br><br>Грешки во обработката: Во апликацијата за обработка се имплементирани правила за контроли и пресметки на излезните податоци.<br><br>Грешки во неодговорот: Доколку извештајната единица во тековниот месец не достави извештај, се врши импутација на производството на конкретните производи од претходниот месец. | |
| **S.13.3.1** | **Грешки во опфатот** |
| Не е применливо. | |
| **S.13.3.1.1** | **A2. Стапка на преопфатеност** |
| | |
| **S.13.3.1.2** | **A3. Учество на заедничките единици** |
| | |
| **S.13.3.2** | **Грешки при мерење** |
| Не е применливо. | |
| **S.13.3.3** | **Грешки при неодговор** |
| Не е применливо. | |
| **S.13.3.3.1** | **A4. Стапка на неодговор на единица** |
| | |
| **S.13.3.3.2** | **A5. Стапка на неодговор на белег** |
| | |
| **S.13.3.4** | **Грешки при обработката на податоците** |
| Не е применливо. | |

| | |
|---|---|
| **S.13.3.5** | **Грешка од избраниот модел** |
| Не е применливо. | |
| **S.14** | **Навременост и точност** |
| | |
| **S.14.1** | **Навременост и TP2. Временско задоцнување на конечните резултати за корисници** |
| Т+30. | |
| **S.14.1.1** | **TP1. Временско задоцнување на првите резултати за производители** |
| | |
| **S.14.1.2** | **TP2.Временско задоцнување на конечните резултати за производители** |
| Т+30. | |
| **S.14.2** | **Точност и TP3. Точност во доставувањето и објавувањето за производители** |
| Податоците се објавуваат на денот, што е утврден (најавен) во Календарот за навременост. | |
| **S.14.2.1** | **TP3. Точност во доставувањето и објавувањето за производители** |
| | |
| **S.15** | **Кохерентност и споредливост** |
| | |
| **S.15.1** | **Географска споредливост** |
| Податоците се произведуваат на национално ниво. Споредливоста е обезбедена на меѓународно ниво. | |
| **S.15.1.1** | **CC1.Коефициент на асиметрија на тековите од мирор-статистиките** |
| Не е применливо. | |
| **S.15.2** | **Временска споредливост и CC2. Должина на споредливи временски серии за корисници** |

Временска серија од 1952-2000 (претходна година=100) според Единствена класификација на дејностите (ЕКД). Од јануари 2000 година според НКД Рев.2 (2021=100) и нема прекин на временската серија. Број на референтни периоди во временската серија од последниот прекин е 300.

Податоците за пресметка на Индесксот за индустриско производство до 2000 год. се прибираат според Единствената класификација на дејности -ЕКД и Номенклатурата на индустриски производи, а од 2001 според Националната класификација на активности НКД базирана на NACE Rev.1 и Националната Номенклатура на индустриски производи-ННИП базирана на PRODCOM List. Од 2006 се користат Националаната Класификација на активности-НКД Рев.1.1 базирана на NACE Rev.1.1 и Номенкларурата на индустриски производи-ННИП 2005 базирана на PRODCOM List 2005. Големите промени во структурата на Европската Класификација NACE Rev.2 беа причина за промените во Националната номенклатура на индустриски производи 2008 (NNIP 2008) во 2009 год.

| | |
|---|---|
| Временските серии од 2000 (2021=100) се базираат на NACE Rev.2. Нема прекин во сериите. | |
| **S.15.2.1** | **CC2. Должина на споредливи временски серии за производители** |
| Од јануари 2000 година според НКД Рев.2 (2021=100), нема прекин на временската серија. Број на референтни периоди во временската серија од последниот прекин е 300. | |
| **S.15.3** | **Меѓудоменска кохерентност** |
| Податоците се кохерентни меѓу различните делови на индустриските статистики. Кохерентноста со другите области е делумно обезбедена. | |
| **S.15.3.1** | **Кохерентност на месечните / кварталните / полугодишните статистики со годишните статистики** |
| Податоците се споредуваат со месечните податоци од Статистичко истражување за прометот во индустријата (месечно) (ИНД.2) и со годишните податоци од Статистичко истражување за индустријата (годишно) (ИНД.21). | |
| **S.15.3.2** | **Кохерентност со национални сметки** |
| Индексите на производството во индустријата се применливи во пресметките во Национални сметки. | |
| **S.15.4** | **Внатрешна кохерентност** |
| Внатрешна кохерентност на податоците е обезбедена, податоците се контролираат и анализираат во процесот на производство. | |
| **S.16** | **Трошок и оптовареност** |
| Во прашалниците кои ги доставуваме до известувачките единици имаме вклучено прашање за тоа колку време им е потребно за пополнување на прашалникот, се со цел да се намали оптовареноста на известувачката единица. | |
| **S.17** | **Ревизија на податоците** |
| | |
| **S.17.1** | **Политика за ревизија на податоците** |
| Ревизијата на податоците се прави во согласност со Политиката за ревизија на ДЗС: https://www.stat.mk/mk/za-nas/politiki-i-strategii/%D1%80%D0%B5%D0%B2%D0%B8%D0%B7%D0%B8%D1%98%D0%B0-%D0%BD%D0%B0-%D0%BF%D0%BE%D0%B4%D0%B0%D1%82%D0%BE%D1%86%D0%B8/ . | |
| **S.17.2** | **Практика за ревизија на податоците и A6. Просечна големина на ревизијата на податоците за корисници** |
| Ревизии на податоците се направени при промена на базната година во 2024 година со 2021 = 100. Индексите на производството во индустријата, за периодот 2000-2024 година, се прилагодени на новата базна година 2021.<br><br>Ревизии на податоците се направени и со промена на номенклатурите. | |
| **S.17.2.1** | **A6. Просечна големина на ревизијата на податоците за производители** |

Не е применливо.

| S.18 | Статистичка обработка |
|---|---|

| S.18.1 | Извори на податоци |
|---|---|

Извор на податоци: Месечно истражување за индустрија ИНД.1.

Во процесот на прибирање на податоците се користи извештаен метод. Извештајните единици ги доставуваат пополнетите прашалници до регионалните одделенија во точно определен рок во согласност со Годишната Програма за Статистички истражувања, за соодветната година.

Истражувањето се заснова на примерок кој се избира според критериумот за додадена вредност и бројот на вработени (cut-off примерок). Примерокот за „Месечниот извештај за индустрија“ (ИНД.1) покрива 75% од бруто-додадената вредност во индустријата во 2023 година, а извори на податоци се сметководствената и кадровската евиденција, како и документацијата со која располага извештајната единица. Во примерокот во 2024 година се опфатени 442 деловни субјекти."

Ажурирањето на примерокот се врши годишно.

| S.18.2 | Фреквенција на прибирање податоци |
|---|---|

Месечна.

| S.18.3 | Прибирање на податоците |
|---|---|

При прибирање на податоците се користи извештајниот метод. Извештајните единици го доставуваат „Месечниот извештај за индустрија“ (ИНД.1) до Државниот завод за статистика во одреден рок, врз основа на Програмата за статистички истражувања во Република Македонија за определена година. Претпријатијата сами ги пополнуваат податоците за месечното производство, залихата на готови производи и продажбата на готовите производи на домашен и на странски пазари за тековниот месец и ги доставуваат до ДЗС најдоцна до 15-ти во наредниот месец.

| S.18.4 | Проверка на податоците |
|---|---|

Проверка на податоците се врши во согласност со дефинираните критериуми за контрола. Проверка на податоците се врши пред и по внесувањето. За отстапувањата се контактираат извештајните единици. Проверка се врши и на готовите индекси пред нивното објавување.

| S.18.5 | Компилирање податоци |
|---|---|

Едитирање: Пристигнатите податоци од деловните субјекти, по проверката и евентуалната корекција во консултација со извештајните единици, се внесуваат на електронски медиум, преку апликација со вградени on-line контроли.

Импутација: Доколку извештајната единица не достави податоци во тековниот месец, се врши експертска импутација на производството од некој претходен период.

Пондери: Пондерациските коефициенти за производите од Номенклатурата на индустриски производи кои се користат за пресметка на индексот на индустриското производство се пресметани врз основа на учеството на производните вредности на тие производи во „Годишниот извештај за индустрија“ и додадената вредност (последните пондерациски коефициенти се пресметани од „Годишниот извештај за индустрија“ ИНД.21 за 2023 година и додадената вредност во индустријата за 2023 година). Структурата на индустриските дејности (структурата по оддели) е пресметана врз основа на додадената вредност за 2023 година и се ревидира на почетокот на секоја година за пресметка на индексите за тековната година.

Месечните индекси на индустриското производство се пресметуваат со користење на Ласперовата формула.

| S.18.5.1 | А7. Стапка на импутација |
|---|---|

Не е применливо.

| S.18.6 | Прилагодување |
|---|---|

За елиминирање на месечните варијации предизвикани од различниот број на денови во месецот се користи JDemetra + моделот.

| S.18.6.1 | Сезонско прилагодување |
|---|---|

За елиминирање на месечните сезонски варијации на индустриското производство, се користи JDemetra + моделот.

| S.19 | Коментар |
|---|---|

| A.1 | Анекси |
|---|---|